**Здружение на финансиски работници**
**на локалните самоуправи и јавните претпријатија**
**Association of finance officers**
**of the local governments and public enterprises**

Број: 0302-190
25.08.2025 година
В е л е с

До
Сектор / одделение за финансии,
буџет / Сметководство / ревизија

**Предмет**: Покана за работилница

Почитувани,

Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија, следејќи ги новините во законската регулатива, потребата и барањата за обука, потребата за меѓусебно континуирано информирање, размена на информации и зголемување на вештините, со задоволство Ве поканува на работилницата:

**„АКТУЕЛНИ ТЕМИ, МОЖНОСТИ И ПРЕДИЗВИЦИ“**

која ќе се одржи на **10 Септември 2025 година во хотел „Белви“, Скопје.** Почетокот на работилницата е закажан во 9.00 часот, според приложената Програма - Агенда.

Работилницата претставува одлична можност заедно со обезбедените квалитетен експерти-практичари: дипл.екон. Снежана Митревска и дипл.екон. Бранислав Гулев да се разгледаат и апсолвираат следните теми и области:

- **Примена на новиот Закон за администратвини службеници**
- **Даночен третман на извршена проценка на основни средства и даночен третман на неамортизирана вредност на истите кај јавни претпријатија Даночен третман кај јавни претпријатија**
- **Евидентирање на ДДВ кај буџетски корисници**
- **Евидентирање на медицинска опрема**
- **Вложувања на јавни претпријатија во туѓи недвижности**
- **Закон за работни односи (законски и подзаконски акти)**

Темите на работилницата се актуелни, а во исто време и неопходни за правилно и законско постапување. Со задоволство го очекуваме присуството на претставници на единиците на локалната самоуправа, буџетски корисници, единки корисници, јавните здравствени установи, јавните установи, јавни претпријатија / јавни комунални претпријатија, акционерски друштва и други заинтересирани страни.

Надоместокот за учество на работилницата е задолжителен за сите пријавени за учество на работилницата и изнесува: само **6.825,00 денари (со ДДВ)** по учесник со вклучени работни материјали, кафе пауза и ручек. За повеќе од две лица – учесници на работилницата, од иста институција, одобруваме попуст од 10% на вкупната сума за сите учесници од институцијата.

Надоместокот за учество на работилницата можете да ја уплатите на:

**Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија:**
**Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје**
**Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје**
**Даночен број МК 4004997107233**

**Учесниците на работилницата ќе добијат сертификат за учество на работилницата.**

Учесниците на работилницата кои имаат статус на сметководител, односно овластен сметководител согласно со одредбите на Законот за вршење сметководствени работи ќе имаат **право на доделување на часови за посета на настава за КПУ** согласно со темите и нивното времетраење опфатени со Програмата - Агендата за оваа работилница. За овие посетители фактурирањето на надоместокот ќе биде соодветно прилагодено во рамките на вкупно утврдениот надоместок за работилницата

**Пријавување учество за работилница:**

Во функција на добро организирање на работилницата, Ве молиме навремено да го пријавите Вашето присуство во **Здружението на финансиските работници**. Вашите пополнети пријави за учество на работилницата ги очекуваме на емаил: kontakt_zfr@yahoo.com и zfrlsjpv@gmail.mk Формуларот Пријавите за учество на работилницата и агендата се поставени на нашата веб страна https://zfr.org.mk/ За сите дополнителни информации обратете се во канцеларијата на Здружението на финансиски работници, на тел. 043/230-623, моб. 070/265-401; 071/335-930; 076/265-136 или преку наведените емаил адреси.

Ве очекуваме да ни се придружите и заеднички да ги разрешиме сите отворени прашања и дилеми поврзани со темите од работилницата.

Со почит,

**Извршен директор,**
м-р Зоран Јанкуловски